- Хидрогеолошка карта на поширокото подрачје М 1 : 300 000 2
- Геолошка карта на поширокиот регион М 1 : 100 000 3
- Топографска карта со приказ на издвоени заштитни зони околу водозафатни објекти (бунари) за водоснабдување на градот Велес М 1 : 25 000 4
- Карта со приказ на издвоената прва заштитна зона околу бунарите за водоснабдување на градот Велес М 1 : 1 000 ..... 5/1-5/2
- Конструкција на бунарите на локација во Велес М 1 : 50/100 6

ВОВЕД

Врз основа на Договорот склучен помеѓу Општина Велес, бр. 05-7665/13 од 26.11.2014 година и Градежен Институт "Македонија" - Скопје, бр. 0902-1443/5, од 02.12.2014 година, и Технички спецификации од Тендерската документација, како и согласно законските прописи **(Закон за води и Правилник за содржината и начинот на изготвување на Елаборат за одредување на границите на заштитните зони, заштитните мерки и другите услови за водите наменети за консумирање од страна на човекот, Службен весник на РМ бр.29/2014)**, Градежниот Институт Македонија и ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Македонија пристапија кон изработка на Елаборат за одредување на граници на заштитни зони и заштитни мерки на водозафатните објекти - бунари за води наменети за консумирање од страна на населението на градот Велес. Изработката на Елаборатот се изврши врз основа на теренски увид на предметното подрачје и проучување на расположивата документација изработена од страна на овластени стручни правни лица.

Во рамки на заштита на животната средина во денешно време сé поактуелен станува проблемот со заштита на подземните води од загадување. Загадувањето на подземните води во основа е поврзано со загадување на површинските води, атмосферата и почвата т.е. со околната средина.

Водата воопшто по својата подвижност и поради својата способност за растворање на најразлични супстанци претставува најзагрозениот дел од животната средина. Со тоа и подземните води се реално подложни на загадување како резултат на бројни човечки активности.

Од друга страна техничките можности за санација се ограничени, сложени и скапи, а нивниот резултат по правило е неизвесен.

Последиците од загадување може да бидат долгорочни, односно подземните води да останат загадени долго време, или гледано во однос на човечкиот живот засекогаш упропастени.

Заштитните зони околу водозафатните објекти и други пратечки објекти на извориштата на подземни води се одредуваат и воспоставуваат превентивно со цел да се спречи загадувањето на водите кои се експлоатираат. Во рамки на дефинираните зони се превземаат различни превентивни мерки за заштита со построг или поблаг карактер заради спречување на можното влијание на загадување.

За заштита на водата за пиење од биолошко, физичко, хемиско, радиолошко и друго загадување, како и за заштита од други негативни влијанија, кои може штетно да влијаат врз квалитетот, здравствената исправност на водата за пиење, околу водозафатните објекти се воспоставуваат и одржуваат заштитни зони и тоа:

1. Потесна заштитна зона (зона на строг санитарен надзор) – I (прва) заштитна зона;

2. Широка заштитна зона (зона на санитарно ограничување) – II (втора) заштитна зона;

3. Поширока заштитна зона (зона на хигиенско-епидемиолошко следење и набљудување) – III (трета) заштитна зона.

Генерално заштитните зони се одредуваат:

I Заштитна зона околу водозафатните објекти – куќарки;

II Заштитна зона во рамки на влијание на бунарите (радиус на влијание на бунарите);

III Заштитна зона го опфаќа сливното подрачје.

Според Правилникот за содржина и начинот на изготвување на Елаборатот за одредување на границите за заштитните зони, заштитните мерки и другите услови за водите наменети за консумирање од страна на човекот, заштитните зони ќе бидат прикажани на карти со размер 1 : 1000 и 1 : 25 000 и ќе бидат обележани со соодветни бои и тоа:

I (прва) заштитна зона со црвена линија,

II (втора) заштитна зона со сина линија и

III (трета) заштитна зона со жолта линија.

1. ЗАКОНСКИ ОДРЕДБИ ЗА ЗАШТИТНИ ЗОНИ ЗА ВОДИТЕ НАМЕНЕТИ ЗА КОНСУМИРАЊЕ ОД СТРАНА НА ЧОВЕКОТ

Заштитата на подземните води претставува комплекс на мерки насочени кон зачувување и подобрување на таква квалитативна и квантитативна состојба на подземните води која овозможува тие долгорочно да се користат за човечки потреби и различни стопански цели.

Загадувањето на подземните води во основа е поврзано со загадувањето на површинските води, атмосферата, почвата т.е. со околната средина во целина. Задачите за заштитата на подземните води мора да се решаваат истовремено со проблемите на заштитата на целокупната природна средина. Ова е принципиелна поставка на која треба да се базира заштитата на подземните води. Не е можно да се спречи загадување на подземните води ако се врши загадување на површинските води, атмосферата и почвата затоа што загадувачите од тие средини непречено мигрираат кон подземните води.

Од претходното произлегува дека проблеми за заштита на подземните води од загадување во сегашните услови се јавуваат како составен дел од вкупната проблематика за заштита и зачувување на човековата средина. Подземните води, кои во поширок размер се користат за потребите на водоснабдувањето, имаат во тој поглед посебно значење. Не можеме да зборуваме за заштита на подземните води без нивно организирано набљудување на ниво на држава, што за жал кај нас во моментов не постои.

За успешно решавање на задачите од доменот на ова проблематика, хидрогеолошките истражувања кои се изведуваат за потребите на откривање и оцена на резервите на изданските води и проектирање на водозафати, треба да биде дополнета и проширена и за потребите на дефинирање на квалитетот на подземните води и нивна долгорочна планирана и организирана заштита.

Според тоа, познавање на хидрогеолошките и други услови на средината, состојбата на загадувањето, односно ранливост на подземните води во поглед на можноста на нивно загадување, потоа постоење на одредени извори и жаришта на загадување или потенцијални можности во тој поглед претставуваат несомнено нужен предуслов за правовремено превземање на постојани или повремени мерки за заштита на подземни води, односно човековата средина.

Се чувствува отсуство на планиран приод кон заштитата на подземните води, не се изработени хидрогеолошки карти за просторот на целата држава, не се изработени карти на ранливост на подземните води. Заштитни зони се дефинирани само кај поголемите и позначајни изворишта, со тренд на зголемување на опфатот особено нагласен во 2014 година.

Со зголемување на бројот на жителите се зголемуваат и потребите за вода и исто така се зголемуваат индустриските капацитети и површините на обработливо земјиште. Тоа создава зголемено користење на подземна вода што значи дека од една страна поради зголемено користење се нарушува природниот тек на прихранување на подземните води, а од другата страна се зголемуваат можностите за загадување на подземната вода.

Одредувањето на заштитни зони за водите наменети за консумирање од страна на човекот е регулирано со **Правилникот за начинот на определување и одржување на заштитни зони околу изворите на водите за пиење (Службен весник на Република Македонија бр.17 од 1983 год.)**.

Периодот на транзицијата и неопходното прилагодување на нашата законска регулатива со стандардите на Европската унија и глобално усвоената концепција за одржлив развој, подразбира потреба од измена на важечкиот правилник, кој е направен уште од времето на поранешна Југославија. Овој правилник е по многу нешта оспоруван од нашата стручна јавност, бидејќи во обликот во кој што е даден е тешко применлив во пракса и не ја обработува заштитата на постојните водоносници во Република Македонија, од кои се врши водоснабдување.

Промената на стариот правилник бара мултидисциплинарен пристап за негово изготвување и истиот е во постапка на донесување на нов правилник.

Законот за води (Службен весник на РМ бр.87/2008 год.) ги дава законските основи за искористување на водите, заштита на водата и заштита од штетно делување на водата и претставува основен документ за заштита на подземните води во Република Македонија. Според законот за води во членовите 96, 97, 98, 99 и 100 е регулиран начинот на кој треба да се заштитат водите од водоносниците од кои се користи водата за пиење од страна на човекот, каде спаѓаат и подземните води.

Наведените закони не се единствени закони кои се баваат со заштита на водите, и во рамки на други закони, како што се: **Законот за заштита на животната средина, Законот за просторно планирање и Законот за градба** се наоѓаат одговарачки одредби, кои во доменот на целокупниот текст на законот пропишуваат одредени мерки за заштита на водите од негативни влијанија и активности кои може да произлезат од активностите кои се пропишани со споменатите закони.

Тука ќе го споменеме и **Правилникот за содржината и начинот на изготвување на Елаборатот за одредување на границите за заштитните зони, заштитните мерки и другите услови за водите наменети за консумирање од страна на човекот, Службен весник на РМ бр.29/2014.** Истиот е законска подлога користена при подготовката на елаборатот за одредување на границите на заштитните зони, заштитните мерки и другите услови за водите наменети за консумирање од страна на човекот.

2. ТЕРЕНСКИ УВИД И КОРИСТЕНА ПОСТОЈНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

2.1. Санитарно-хигиенски и хидрогеолошки увид на локацијата

На ден 17.02.2015 година е извршен теренски увид на водозафатните објекти-бунари (во реонот на "Шорка"), од санитарно-хигиенски и хидрогеолошки аспект, на локацијата во Велес. Увидот го изврши стручен тим од Градежен Институт "Македонија" - Стојан Михаиловски, дипломиран инжинер хидрогеолог, како и од ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Македонија, Проф. д-р Михаил Кочубовски, специјалист по хигиена и Јордан Јаневски, дипломиран градежен инженер.

Од страна на општина Велес, при одржаниот состанок и увидот на терен присуствуваа Билјана Шуркова Манаскова, советник испектор за животна средина, Зоран Мецаковски раководител на оделение на урбанизам и заштита на животна средина, Јорданов Ѓоре, помошник директор за технички прашања и Александар Вишинов, раководител на пумпни станици и резервоари во ЈКП „Дервен"- Велес. По теренската посета на водозафатните објекти од страна на техничкиот директор и останатите вработени ни беа доставени подлоги и расположливите податоци за предметното подрачје, претходно изработувани од овластени стручни правни лица и истите послужија при изработка на Елаборатот за издвојување на заштитни зони околу водозафатните објекти (документацијата за изведбата и издашноста на бунарите е зачувана во релативно мал обем).

При теренскиот увидот во Велес е констатирана следната состојба:

Градот Велес во минатото комплетно за водоснабдување ги користел бунарите во реонот на "Шорка". По изградбата на браната Лисиче, Рени бунарите и бунарскиот систем "Шорка" се ставени надвор од употреба, а водоснабдувањето на градот Велес се врши од водите на хидросистемот Лисиче. Донесена е одлука на гратското собрание, Рени 1, 2 и 3, Топилнички бунар, бунар на АРМ и системот рени бунари "Шорка", да се конзервираат, притоа да се одржуваат технички и во исправна хигиенско-здравствена состојба и истите да служат во иднина како алтернативно решение за водоснабдување на градот Велес.

Согласно ваквите намери и цели, како и постоечките закони се налага потреба и за изработка на Елаборат за издвојување на заштитни зони и заштитни мерки и други услови за користење на водата наменета за консумирање од страна на човекот.

Од аспект на онаа што е констатирано на лице место на терен може да се каже следново: Од сите рени бунари се извадени пумпите и останатата опрема, и истите се складирани и заштитени во рамки на ЈКП „Дервен". Со теренската посета на сите бунари се констатира следното: Системот рени бунари "Шорка" и бунар на АРМ се добро заштитени, односно заштитните објекти на бунарите се заклучени и заштитени со околна ограда и на тој простор не се вршат никакви активности, додека заштитата на останатите бунари Рени 1, 2 и 3, како и Топилничкиот бунар е нарушена. Односно самите заштитни објекти над бунарите се оштетени со што бунарите се отворени и во нив веројатно се внесуваат цврсти честици како прашина носена од ветришта, а од страна на човекот можно е и фрлање во бунарите на разни предмети, материи и друго. Со тоа бунарите би се загадиле и во случај на потреба да се активираат тоа би било отежнато и би чинело скапо. Од тие причини потребно е да се изврши соодветна - основна заштита на рени бунарите.

2.2. Користена литература

- **В. Мирчовски, Маер Д., 2011:** Заштита на подземни води, Универзитет "Гоце Делчев"- Штип, факултет за природни и технички науки, Институт за Геологија;
- **З. Илијовски, 2013:** Докторска дисертација – Методологија на изработка на карти на ранливост на подземните води, Универзитет "Св. Кирил и Методиј" – Скопје, Градежен факултет;
- **М. Карајовановиќ и С. Хаџи-Митрова, 1975:** Толкувач за Основна геолошка карта, лист Титов Велес, К 34-80, 1: 100 000;

3. ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА ИСТРАЖУВАНИОТ ТЕРЕН

Во текстот што следи ќе бидат дадени општи податоци за Велес и околината, како што се географски карактеристики, сообраќајни врски, климатски услови и хидрографски карактеристики.

3.1. Географски карактеристики и сообраќајни врски

Градот Велес се наоѓа во централниот дел од Република Македонија. Пошироката околина на градот Велес е ридест предел, односно од јужната и источна застапени се повисоки ридови, како што е Прчорек и Вршник, додека од северната страна имаме поблаг терен покрај реката Вардар, каде што се наоѓаат бунарите, односно теренот е рамничарски. Градот Велес се наоѓа на надморска височина околу 200 m.

Градот Велес со оглед на неговата централна местоположба има добри сообраќајни врски со останатите делови од Република Македонија, односно функционира автопатот "Братство и Единство" во две насоки од Скопје кон Велес и обратно, кој продолжува кон југоисток и со него Велес се поврзува со Неготино, Демир Капија и Прилеп, а понатаму и со останатите градови и населени места во Р. Македонија. Велес со регионалниот пат е поврзан со Штип, кој го поврзува Велес со цела источна Македонија. Покрај овие два патни правци постојат и повеќе макадамски, како и селски патишта. На овој начин градот Велес има поволни можности за транспорт на стоки и движење на луѓе од различни дејности, Прилог 1. Исто така, комуникациските врски на локалитетот "Шорка", во кој се изведени рени бунарите, се многу добри, имено градот Велес со асфалтен пат е поврзан со Башино Село. Во пошироката околина на локалитетот "Шорка" се лоцирани поголем број на стопански објекти, како што се: фабриката "Благој Ѓорев", Железничката станица Велес, железничка пруга Велес-Скопје, Топилницата за олово и цинк "Злетово", ф-ката за шински возила и други помали погони, како и стамбени и стопански делови.

3.2. Климатски услови и хидрографски карактеристики

Градот Велес се наоѓа на околу 200 m.n.v. и во него се манифестира медитеранско влијание, кое доаѓа по долината на река Вардар. Медитеранско климатско влијание се огледа во тоа што ладниот дел од годината има повеќе врнежи одошто во топлиот период од годината. Врнежите максимумот го достигнуваат во месец ноември, со средна вредност од 53 mm, а минимумот е во месец август, со средна вредност од 25 mm. Додека средната годишна вредност на врнежи во велешкото подрачје изнесува 500 mm, и со тоа претставува зона со најмали годишни врнежи во Р. Македонија. Средната годишна температура на подрачјето по долината на реката Вардар изнесува до 13,4^{0}C.

Северниот ветер е најчест ветер во Велес во текот на годината, потоа според зачестеноста следуваат северозападниот ветер, јужниот ветер, југоисточен ветер и југозападниот ветер. Маглата како појава не е честа во велешката околина, а почесто се јавува покрај Вардар.

Хидрографската мрежа е добро развиена. Ќе ги споменеме реките Таоречка и Велешка. Во поглед на хидрографските карактеристики на поширокиот простор, секако главна водена артерија претставува реката Вардар, која поминува низ градот Велес и која ги прибира водите на поголем голем реки и потоци. Потоа ќе ја споменеме реката Бабуна која е десна притока на Вардар и река Дреневица, како и помали реки и потоци, од кои дел имаат и повремен карактер, и чии води ги апсорбира реката Вардар. Недалеку од Велес се наоѓа езерото "Младост" во која се акумулира водата од рекичката "Бела Вода".

3. ГЕОМОРФОЛОШКИ, ГЕОЛОШКИ И ХИДРОГЕОЛОШКИ УСЛОВИ

3.1. Геоморфолошки карактеристики

Во *Геоморфолошки поглед* релјефот на теренот се карактеризира како рамничарски, планински и високопланински. Најизразените околни морфолошки делови се со надморска височина од 300 m до над 500 m.n.v.

Од јужната и источна застапени се повисоки ридови, како што е Прчорек и Вршник, додека од северната страна имаме поблаг терен, а покрај реката Вардар, каде се наоѓаат бунарите, теренот е рамничарски и планински. Во рамки на релјефот на теренот источно од реката Вардар се наоѓаат следните повисоки ридови: Градиште (856 м), Венец (853 м), Голак (790 м) и други. Во подалечните западни делови на градот Велес застапени се повисоки планински предели со следните планински венци: Бегови Вирови (2.112 м), Голешница (1.924 м), Лисец (1.934 м), Јабланица (1.475 м), Китка (1.569 м), Чакановец (1.396 м) и др.

Поширокатa околина е испресечена со многубројни реки и потоци, чии долини се многу стрмни, од кои најистакнати се клисурите на реката Вардар и Велешка река.

Во околината на Велес застапени се маркантни карпести маси од варовници, кои претставуваат претежно оголени предели. На теренот може да се забележат и суводолини и јаруги. Овие геоморфолошки форми се формирани со истекот на површински води и буични токови, а условени од слабата инфилтрација на вода во овие карпести маси.

Рамничарскиот терен е претставен со Велешката котлина.

Најниските простори во околината на Велес, во рамки на реонот "Шорка" се исполнети со алувијални седименти депонирани од страна на реката Вардар и на останатите речни текови, во кои е формиран водоносник со подземна вода, каде што се изведени бунарите, додека површината на теренот е зарамнета и претставува плодна почва која се обработува и се засадува со различни земјоделски култури.

3.2. Геолошки карактеристики

Велес и поширокатa околина во поглед на тектонската реонизација на Р. Македонија претставува дел од геотектонската единица Вардарска зона, односно Велешката серија, преку кои дискордантно лежат помлади седименти (горен плиоцен, пролувиум и алувијални седименти). Литолошкиот состав на ова структурно-литолошко-

тектонска единица е исклучително комплексен. Микролокалитетот на кој се изведени бунарите за водоснабдување на градот Велес го претставуваат централниот дел од Вардарската зона.

Од геолошки аспект поширокиот дел од истражниот терен воглавно е претставен од зелени и биотит-кварц-серицитски шкрилци, мермери, варовници, серпентинити, потоа јурска формација, кредни, еоценски, плиоценски и квартерни седименти, од кои во поглед на изведените бунари најзначајни се квартерните, односно терасно-алувијалните седименти. Во падинските предели на карпестите маси застапени се пролувијални и делувијални наслаги, додека во самите речни корита на Вардар, другите помали реки распространети се терасно-алувијални седименти, Прилог бр.3. Во понатамошниот текст ќе бидат дадени карактеристиките на застапените геолошки единици во околината на локалитетот "Шорка", Велес.

Јурска (J_3) – Дијабаз рожна формација. Ова формација е претставена од сиво-зеленкасти песочници, габрови, дијабази, сивовиолетови ушкрилени глинци со олистолити.

Серпентинити (Se) - Кои се издвојуваат во издолжени маси со правец на протегање СЗ-ЈИ. Констатирани се на северо-западниот дел од третираниот од предметниот локалитет. Нивниот просторен распоред, во однос на околната средина, е тектонски, односно дијапирски. Серпентинитите се интензивно катаклизирани и изменети дунитски и харцбургитски варијатети.

Плочасти варовници (K_2^2) – Овие седименти се констатирани на СЗ дел од теренот и ја претставуваат втората Туронска седиментна серија. Нивното протегање варира од СЗ-ЈИ до С-Ј. Изградени се од глиновито–лапоровити плочести варовници, на места тие се масивни. Тектонските активности ги имаат интензивно катаклизирано.

Плиоцен (Pl) – Околу 50% од предметниот терен е изграден од плиоценски чакали, песоци и глинци. Овие седименти се карактеризираат со низок степен на врзаност, што во основа претставуваат растресит материјал. Многу често доаѓа до ритмично сменување на чакали и песоци, а поретко и глинци. Изградени се од добро заоблени валутоци од кварц, кварцити, шкрилци, серпентинити, габрови и други карпести фрагменти.

Пролувијалните седименти (pr) се неврзани или слабо врзани квартерни наслаги, формирани на рабните делови на теренот. Материјалот е незаоблен или слабо заоблен материјал од околните карпи, помешани со песок и глиновита материја. Моќноста на пролувијалните седименти е променлива и се движи од неколку метри до 30 м.

Делувијални седименти (dl). Тие претставуват преодни зони од повисоките делови на теренот кон останатите квартерни наслаги (пролувијални, алувијални). Во основа се изградени од разновидни необработени парчиња кои потекнуват од матичните карпести маси заполнети со глиновито-песоклив и хумусен материјал. Овие седиментни творби се слабоврзани до неврзани.

Алувијални седименти (al). На истражуваниот терен се развиени од левата страна на р. Вардар. Изградени се од разногранулирани песоци и чакали, со присуство на поголеми валутоци и самци, и со малку глиновита компонента. Потеклото на материјалот е од поширокиот регион, како резултат на ерозионите активности на реката Вардар. Во целина гледано алувијалните наслаги на овој дел од теренот се застапени во голема мера условено од широкото речно корито и помирниот тек на речните води кои вршат

таложење на материјалот. Моќноста на овие седименти е различна и варира од 1-2 m до 30 m.

3.3. Хидрогеолошки карактеристики

Предметниот локалитет регионално е третиран во рамки на фондовска документација за Хидрогеолошка карта на РМ, 1:200 000 и Основни Геолошки карти, лист Титов Велес. Хидрогеолошките карактеристики на застапените геолошките единици на поширокиот простор на предметниот локалитет се прикажани на Прилог бр. 2.

Бунарите "Вардар" се изведени во алувијално-терасни седименти на реката Вардар, каде нивната дебелина на овој дел од теренот изнесува максимално до 30 m.

Врз основа на проучената достапна документација од регионални хидрогеолошки истражувања во рамки на изработка на Основната Хидрогеолошка карта на Р. Македонија, може да се заклучи дека во поширокиот регион на локалитетот "Шорка" се застапени сите типови на порозност на карпите, а од посебно значење се карпите со интергрануларна порозност, во кои е формиран збиен тип на водоносник, со слободно ниво, во алувијално-терасните седименти на р. Вардар.

Од карпите со интергрануларна порозност застапени се неврзаните седименти со меѓузрнеста порозност, во чиј состав влегуваат геолошки формации составени од алувијални речни седименти во речната тераса на реката Вардар и делувијално падински наноси во неговата поширока околина, како и плиоценските сдименти.

а) Збиен тип на водоносник

Збиениот тип на водоносник со слободно ниво на подземна вода е формиран во рамки на распространетите квартарни наслаги со интергрануларна порозност во речната тераса на реката Вардар, во рамки на предметниот локалитет "Шорка". Овие современи речни алувијални седименти се депонирани од левата и десната страна на Вардар, се претставени од разногранулирани неврзани песоци и чакали, делумно заглинети и со моќност од 1-2 m до 30 m, во зависност од конфигурацијата на теренот вдолж реката Вардар. Нивото на подземна вода е релативно плитко и изнесува околу 1,5 m и се карактеризира со осцилации во текот на годината, во зависност од хидролошката состојба во поширокиот регион, како и промените на водостојот на реката Вардар, што укажува на тоа дека подземните води на овој водоносник, формиран во алувијално-терасните седименти, се во директна хидрауличка врска со реката Вардар.

Алувијално речните седименти, кои се застапени по долината на Вардар, од аспект на водопропусност се карактеризираат со многу добра водопропусност (класа на водопропусност 13 и 14), условена од составот и се составени од чакали и песоци со облутоци и самци. Ваквата хидрогеолошка средина е погодна за изведба на бунари, каде всушност и се изведени бунарите за водоснабдување на градот Велес.

Експлоатационата издашност на бунарите на локалитетот "Шорка" изнесува Q=20-60 l/s. Коефициентот на филтрација во овие седименти изнесува $Kf=nx10^{-3}$-$nx10^{-4}$m/s.

Во периферните делови на котлинскиот дел застапени се *делувијално-падински седименти*, кои настанале со распаѓање на околните карпи, кои се карактеризираат со слаба водопропусност и се воврстени во класа 11. Меѓутоа делувиумот со кој на места се покриени кредните варовници се карактеризираат со поголема водопропусност, бидејќи дробинскиот материјал од варовниците е доминантен. Овие седименти најчесто имаат

улога на спроводници на површинските води, после врнежите, до подземните води на карстниот водоносник, каде нивото на вода се наоѓа подлабоко.

На поширокиот дел од теренот на Велес застапени се плиоценски песоци, чакали, глини и глинци, со лоши хидрогеолошки карактеристики и претставуваат спроводници на подземна вода, чиј коефициент на филтрација се движи $Kf=nx10^{-6}$-$nx10^{-8}$m/s.

б) Карстно-пукнатински тип на водоносник

Во поширокиот регион на Велес, во северозападниот дел од локалитетот "Шорка", во ридестиот дел од десната страна на реката Вардар, застапени се плочасти варовници со кредна старост во кој е формиран карстно-пукнатински тип на водоносник. Генерално овие терени со карбонатни карпи според класата на водопропусност се воврстени во класа 31, 32 и 33 и се карактеризиираат со висока водопропусност (Прилог бр. 2 и 3). Овие варовнички седименти сеуште не се детално истражени од аспект на хидрогеолошки можности за евентуално водоснабдување на градот Велес и како такви во овој момент не се предмет на анализа на овој Елаборат.

в) Пукнатински тип на водоносник

Пукнатинскиот тип на водоносник е застапен во дијабаз-рожначка формација, која е претставена од дијабази, варовници и рожнаци, кои се распространети во пошироката околина на Велес, како и во близина на локалитетот "Шорка".

Порозноста кај овие карпи ја претставуваат пукнатини и прслини, со различни димензии и правци на протегање, кои настанале со тектонски процеси и надворешни фактори. Генерално овие терени се главно безводни или со мали количини на подземна вода, со многу слаба водопропусност и се воврстени во класа 70 и 80 (Прилог 2 и 3). При изработка на Основната Хидрогеолошка карта на Република Македонија не е регистриран ниту еден извор.

Во прихранувањето на застапените типови водоносници покрај површинските води учествуваат и атмосферските врнежи на овој дел од теренот.

4. ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА СЛИВНОТО ПОДРАЧЈЕ

Генерално подземните води во целина не може во целост да се заштитат од можни негативни влијанија кои на нив ги вршат изградените објекти и човечките активности. Затоа напорите за заштита на подземните води од загадување треба да се насочат на потесните подрачја кои се користат или ќе се користат во иднина за водоснабдување на населението со вода.

Заштитата на подземните води се врши со одредување на заштитни зони околу водозафатните објекти (извориштата или бунари внатре во сливното подрачје).

Формираниот водоносник во алувијално-терасните седименти во кој се изведени рени бунарите "Шорка" е во директна врска со површинските води на овој дел од теренот. Така што во овој случај не може да биде незанемарливо прихранувањето на подземните води од површинските води, а со тоа и влијанието на површински водотеци (околни реки) врз квалитативно - квантитативните својства на подземните води.

Граѓаните мора да станат свесни за важноста за заштитата на водите и да ги прилагодат сите свои потреби во согласност со тој еколошки зафат. Мерките на заштита

на изворите за вода за пиење се дел од комплексното управување со водените ресурси усогласени со Законот за води на РМ. Одредувањето на зоните и мерките за заштита имаат превентивна функција, а полна ефикасност се постигнува со нивно вградување во просторните планови на општините и градовите, со почитување на пропишаните мерки при издавање на водостопанска согласност и дозвола во комбинација со активен пристап на решавање на виталните проблеми во просторот. Во многу случаеви пропишаните мерки на заштита ја ограничуваат можноста за развој на просторите во заштитните зони околу извориштата на питка вода, особено во подрачјата на големите градови каде поради изграденоста е многу тешко да се пронајдат одговарачки урбани, сообраќајни или други решенија.

Исто така, одлуките за заштита и заштитни зони ги опфаќаат и луѓето кои живеат и делуваат на тие простори и на кои заштитните мерки им донесуваат лични ограничувања.

5. СТОПАНСКИ АКТИВНОСТИ ВО СЛИВНОТО ПОДРАЧЈЕ, ТЕХНИЧКО РЕШЕНИЕ НА ЗАФАТОТ НА ИЗВОРОТ

Вообичаено, загадувачите на подземните води се нафтата, нафтените деривати, солта, разни хемикалии (пестициди и вештачки ѓубрива) кои се користат во земјоделието, комуналните и индустриски отпадни води, филтратот од комуналните и индустриски депонии, септички јами итн.

Ова значи дека главниот дел на загадувањето на подземната вода воглавно настанува како резултат на човечката активност, но понекогаш подземната вода може да биде збогатена со поголема концентрација на одредени штетни елементи како резултат на нивната природната застапеност во земјината кора, односно просторот на кој циркулираат подземни води.

Врз основа направениот увид на локалитетот "Шорка" каде се наоѓаат рени бунарите, од кои се вршело водоснабдувањето на градот Велес и околните населени места, може да се каже дека имаме минимална застапеност на стопански активности во потесната околина на водоснабдителните објекти-рени бунари.

Имено самите бунари се изведени во рамки на велешкото поле кое се карактеризира со плодна почва, при што дел од површините околу бунарите се обработуваат и се засадуваат оделни земјоделски култури, за индивидуални потреби, при што вообичаено се користат вештачки ѓубрива и пестициди, кои може да бидат потенцијални загадувачи на подземните води на овој дел од теренот, *Слика 1.*

***Слика 1**. Површини со земјоделска активност (пластеници) во близина на бунарите*

Во северните делови на градот Велес во близина на железничката станица се наоѓа индустриската зона во чиј склоп функционираат повеќе малостопански објекти, а во иднина може да бидат изградени и нови. Исто така функционираат и голем број на домаќинства, а поблиску до бунарите имаме поголем број на викендици, каде луѓето живеат повремено, а во близина на Рени 2 функционира кланица со фарма за свињи.

Наведената развиеност на стопански активности и застапените домаќинства, во поширокото и потесно сливно подрачје на рени бунарите за водоснабдување на градот Велес, генерално ги сметаме за потенцијални загадувачи.

Врз основа на претходно изнесеното, основно за заштита на подземните води во близина на рени бунарите, потребно ќе биде урбанизирање на споменатиот простор, што ќе подразбира регулирање на фекална и атмосферска канализација, како и регулирање на цврстиот и течен отпад од домаќинствата и стопанските објекти. Во поглед на земјоделските активности, истото треба да се врши само за индивидуални потреби и без користење на вештачки ѓубрива и пестициди. Овие мерки поопширно ќе бидат споменати и во други наслови во рамки на овој Елаборат.

Најкарактеристични загадувачи се индустриските објекти лоцирани во непосредна близина на втората заштитна зона или широка заштитна зона и тука ќе ги споменеме: Топилницата за олово и цинк (со историско загадување од 30 години на почвата, површинските и подземните води од тешки метали, особено олово, кадмиум и цинк), Одлагалиштето на жгура од топилницата, Железничката пруга Велес – Скопје, Индустрискиот пат Велес – Башино село, малите стопански и индустриски објекти, лоцирани во самата широка зона. Во контекс на можни загадувачи ќе ги наведеме и машинските паркови, кои се користат при изградба на објекти (камиони, булдужери, бетоњерки, сервисирање на машинска опрема и други активности).

6. ВИД И ИЗДАШНОСТ НА ИЗВОРОТ, МЕСТОПОЛОЖБА, ТЕХНИЧКИ ПОДАТОЦИ, ЦРПНО КОЛИЧЕСТВО ВО ПОСЛЕДНИТЕ ГОДИНИ, РЕЗУЛТАТИ ОД ЛАБОРАТОРИСКИ АНАЛИЗИ ОД АКРЕДИТИРАНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА

6.1. Опис на извориштето - бунари "Шорка"- Велес

Експлоатационите рени бунари кои се изведени на локалитетот "Шорка" и во неговата непосредна околина, во рамки на алувијално-терасните седименти на реката Вардар се: Рени 1, Рени 2, Рени 3, бунар АРМ, Топилнички бунар и бунарот "Шорка", Прилог 4. Станува збор за збиениот тип на водоносник со слободно ниво на подземна вода кој е формиран во рамки на распространетите квартарни наслаги со интергрануларна порозност, во речната тераса на реката Вардар, во рамки на предметниот локалитет "Шорка". Техничките податоци на овие бунари, ќе бидат прикажани во следната табела.

Табела бр. 1 Технички карактеристики на бунарите

Бунар	Дијаметар на бунарите (mm)	Длабочина на бунарите (m)	Издашност на бунарите Qmin (l/s)	Издашност на бунарите Qmax (l/s)	Бунарска конструкција	Година на изведба
Рени 1	4000	10,00	30	60	Бетонски прстени	/
Рени 2	4000	10,90	10	40	Бетонски прстени	/
Рени 3	4000	11,00	25	60	Бетонски прстени	/
Шорка	2000	10,00	/	/	Бетонски прстени	1950
Бунар - 5	2000	8,00	10	15	Бетонски прстени	1950
Капија	2000	8,00	6	19	Бетонски прстени	1950
Топилница	2000	8,00	15	20	Бетонски прстени	1987

* Податоците за издашноста на бунарите се земени од документација од 2003 год.

Сите овие водозафатни објекти целосно се користеле за водоснабдување на градот Велес до пред изградбата на водозафатот Х.С. "Лисиче", меѓутоа овие бунари целосно се исклучени од употреба во 2009 год. и од тогаш водоснабдувањето на градот Велес во целост се врши од овој хидросистем. Бројот на жители во градот Велес изнесува околу 86.000 жители.

Од сите овие бунари заедно се експлоатирала количина на вода од 120-220 l/s, зависно од потребите и годишната сезона. Од сите најиздашен е бунарскиот систем "Шорка", со просечна издашност од 42-45 l/s.

Во рамки на бунарското подрачје "Шорка", кое на поголема површина од неколку хектари е заградено со челична мрежа, и тука влегуваат: бунар "Капија", "Бунар 5" кој има два помошни рени бунари и бунар "Шорка" кој има пет помошни рени бунари.

"Бунарот 5" има два помошни рени бунари кои се со метална бунарска конструкција, Ø300 mm, длабочина 10 m и секој од нив е поврзан со "Бунарот 5", со хоризонтални челични цевки со пречник Ø300 mm. На тој начин водата од двата помошни бунари влегува во "Бунарот 5", од каде се испумпува вода во мрежата. "Бунарот 5" со потопната пумпа и останатата опрема на површината се заштитени со изграден објект

над бунарот, додека помошните бунари на површина на теренот се заштитени со бетонска градба со димензии 2 x 2 x 1,5 m.

Рени бунарот "Шорка" лево и десно од него има вкупно 5 помошни бунари, кои се поставени линиски, и меѓусебно се поврзани со хоризонтални челични цевки со пречник Ø300 mm. Длабочината на сите рени бунари изнесува 10 m и во нив како бунарска конструкција вградени се челични цевки, со пречник Ø300 mm, притоа меѓусебното растојание изнесува околу 30 m. На тој начин водата од 5-те помошни бунари влегува во главниот рени бунар "Шорка", од кој со потопна пумпа понатаму се врши испумпување на вода во водоводната мрежа. Рени бунарот "Шорка" со потопната пумпа и останатата опрема е заштитен со објект, кој е изграден над бунарот, додека помошните бунари на површина на теренот се заштитени со бетонска градба со димензии 2 x 2 x 1,5 m, *Слика 2 и 3.*

***Слика 2 и 3**. Главен рени бунар "Шорка" со помошните бунари*

Координатите на рени бунарите на локалитетот "Шорка" се прикажани во следната табела:

Табела бр.2 Координати на рени бунарите на локалитетот "Шорка"

Бунар	*Y - координати*	*X – координати*	*Z - координати*
Рени 1	7 563 869	4 621 887	≈ 200
Рени 2	7 564 137	4 621 567	
Рени 3	7 564 295	4 621 345	
Шорка	7 564 596	4 621 012	
Бунар - 5	7 564 446	4 621 032	
Капија	7 564 526	4 620 861	
Топилница	7 563 174	4 622 772	

6.2. Црпни количини на вода во последните години на експлоатација (2005, 2006 и 2007 год.)

Во Табелата што следи (Табела бр.3) се прикажани црпните количини вода од бунарите, во последните години на експлоатација на вода од бунарите, односно пред целосната замена на вода од бунарите, за водоснабдување на градот Велес, со вода од Хидросистемот "Лисиче".

Табела бр.3 Црпни количини вода во последните години

Месец	Година/2005 год. (m^3)	Година /2006 год. (m^3)	Година /2007 год. (m^3)
Јануари	/	/	/
Февруари	/	/	/
Март	/	/	/
Април	/	/	/
Мај	/	/	/
Јуни	/	/	/
Јули	38 660	16 160	268 440
Август	188 050	178 450	286 620
Септември	131 440	242 410	201 230
Октомври	18 080	42 450	57 520
Ноември	/	/	172 960
Декември	/	/	/
Вкупно:	**986 770**	**479 470**	**986 770**

6.3. Резултати од лабораториски анализи од последните две години од акредитирана здравствена установа

Водата за пиење додека се користеле бунарите редовно се контролирала на квалитет (основна бактериолошка и физичко-хемиска анализа) во Центарот за јавно здравје Велес, и истата била здравствено исправна во однос на испитаните параметри за физичко-хемиска анализа.

Во **Институтот за јавно здравје на Република Македонија** два пати годишно се следела безбедноста на водата за пиење (периодична физичко-хемиска анализа, анализа на резидуи од пестициди, радиолошка и паразитолошка анализа) согласно со тогаш важечкиот **Правилникот за безбедност на водата за пиење (Службен весник на РМ бр.57/2004).** Обработените резултати од 2006-2007 година се дадени во табела бр.4.

Табела бр.4 Физичко-хемиска анализа на водата за пиење од потисниот цевовод од бунарите во Велес извршени во Институтот за јавно здравје на Република Македија во периодот 2006-2007 година

Параметар	Мерна единица	Лаб.бр.10766 2006 год.	Лаб.бр.11852 2006 год.	Лаб.бр.8964 2007 год.	Средна вредност
Боја	степени Pt-Co	0	/	0	**0**
Матност	NTU	0	/	0	**0**
pH		7,55	/	7,23	**3,775**
Потрошувачка на KMnO4	mg/l	2,5	/	3,153	**1,25**
Сув остаток (на 180°C)	mg/l	1056	/	307	**528**
Електролитска спроводливост (на 20°C)	µS/cm	1442	/	525	**721**

Амонијак	mg/l	0	/	0	**0**
Нитрити	mg/l	0	/	0	**0**
Нитрати	mg/l	10	/	6	**5**
Хлориди	mg/l	161,13	/	15,982	**80,565**
Сулфати	mg/l	105,94	/	31,7	**52,97**
Железо	mg/l	0,016	0,156	0,065	**0,086**
Манган	mg/l	0,002	0,014	0,088	**0,008**
Флуориди	mg/l	0,3	/	0	**0,15**
Калциум	mg/l	169,13	/	73,747	**84,565**
Магнезиум	mg/l	22,59	/	14,823	**11,295**
Вкупна тврдина	dH°	28,89	/	13,744	**14,445**
Карбонатна тврдина	dH°	17,92	/	12,376	**8,96**
Бакар	mg/l	0	0	0,001	**0**
Цинк	mg/l	0,021	0,012	0,007	**0,0165**
Олово	mg/l	0,008	0	0	**0,004**
Кадмиум	mg/l	0,001	0,001	0	**0,001**
Кобалт	mg/l	0,005	0,005	0,002	**0,005**
Никел	mg/l	0	0	0	**0**
Хром вкупен	mg/l	0	0,002	0,003	**0,001**
Арсен	µg/l	0	0	0	**0**
Алуминиум	mg/l	7,99	7	/	**7,495**
m-алкалитет	mmol/l HCl	64	/	44,2	**34,95**
Хидрокарбонати (HCO3)	mg/l	390,4	359,9	269,62	**375,15**

Испитаните примероци вода за пиење од бунарите во Велес биле здравствено исправни во однос на радиолошка анализа (вкупна бета активност - 0,224 Bq/l и вкупна алфа активност - 0,023 Bq/l), како и во однос на анализа на резидуи од пестициди и анализа на трихалометани (нуспродукти од дезинфекција на водата) во 2006 година.

Врз основа на горенаведените анализи може да се заклучи дека водата за пиење од водоснабдителниот систем во Велес била безбедна во испитуваниот период, согласно со **Правилникот за безбедност на водата за пиење (Службен весник на РМ бр.57/2004)**, со ***исклучок на физичко-хемиската анализа*** **заради зголемена содржина на *сувиот остаток*** (од 1056 mg/l, МДК = 1000 mg/l) во 2006 година. Во 2007 година сувиот остаток е во рамките на МДК и резултатот од водата за пиење бил исправен во однос на физичко-хемиската анализа.

Во водата за пиење од рени бунарите не било регистрирано присуство на флористички и фаунистички елементи, што значи дека не доаѓа до мешање на водата од р.Вардар и бунарската вода, така да и бунарската вода од биолошка гледна точка била исправна (Извештај за извршените анализи на фито и зоопланктон во водата од рени бунар Шорка, Хидробиолошки завод-Охрид, 2006 година).

7. МЕРКИ И НАЧИН НА УПРАВУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЗАШТИТНИТЕ ЗОНИ

Со утврдувањето на заштитните зони околу водозафатните објекти за водоснабдување на населението од градот Велес ќе се дадат предлози и препораки за идните краткорочни и подолгорочни активности во зоната на сливот на извориштата.

Регионот на сливното подрачје на извориштата имале глобална природна заштитеност од нарушувањата на квалитетот на природната средина, до периодот на користење на водата од бунарите и согласно правените анализи од водата во тој период, што не значи дека ќе се одржи ваквата состојба во наредниот период. Имајќи ги во предвид актуелните економски движења, како и развој на разните стопански активности надвор од урбаните средини, природните ресурси и во природно заштитените региони можат да дојдат под удар на неплански зафати заради користење на некој од ресурсите. Тоа носи прекумерни емисии на широк спектар загадувачи кои ја деградираат природната средина. За ефикасна заштита на извориштата, претходно треба да се дефинираат хидрогеолошките и хидродинамичките фактори кои го регулираат режимот на течење на површинските и подземните води.

Антропогени активности кои би можеле да продуцираат загадувачки материи на просторот на сливното подрачје на зафатите на извориштата се следните: стопански активности како индустрија, земјоделието, сточарството и туризмот, градежништво, сообраќај на моторни возила и разни отпадни води од секојдневните активности на жителите на овој простор.

Земјоделската дејност. Земјоделијето во потесното и пошироко подрачје на бунарите воглавно е за потребите на локалното население и истото може да се смета како мал, но сепак можен загадувач на површинските и подземните водни текови. Од друга страна дискутабилно е земјоделието и производството на храна на локалитетот "Шорка" каде се изведени и бунарите, од аспект на контаминираноста на почвата со тешки метали, што е потврдено со студиозни екогеохемиски истражувања на велешката котлина во текот на 1997-1998 година, 2001-2005 година, како и понови испитувања во 2008 и 2012 година, и можноста тешките метали (олово, кадмиум, цинк и др.) да се апсорбираат во храната која се произведува на овој дел од теренот и преку ланецот на исхрана да се внесат кај луѓето со потенцијал да предизвикаат заболувања кај човекот во зависност од неговата изложеност (претежно од долготрајна експонираност) и ранливост.

Сообраќајот на моторните возила може да претставува потенцијален извор на загадување на животната средина на сливното подрачје на зафатите на површинска и подземна вода, и тоа при случај на сообраќајни незгоди, или од други причини, да настане излевање на нафтените деривати и нивна дистрибуција до површинските и подземни води во сливот на бунарското подрачје. Како дополнителен фактор кој може нафтените деривати да ги доведе до површинските и подземните води претставуваат атмосферските врнежи. Од друга страна биоразградувањето на нафтените деривати во почвата е доста сложен процес и се одвива доста бавно. Во случај на загадување со поголеми размери, преземените мерки се доста скапи и со неизвесни ефекти така да стручните лица од областа на заштитата на природата налагаат забрана на изградба на било какви објекти или стопански објекти во зоните на заштита кои би можеле да бидат извори на загадување на површинските и подземните води.

Индустриското призводство е многу различно, тоа користи многу голема лепеза на суровинска база и притоа произведува најразличен отпад, кој со неконтролирана инфилтрација во водоносникот може за долго време да го загрози водоносникот. Голема опасност поради распространетоста, но и поради токсичноста и канцерогеноста претставуваат нафтата и нафтените деривати. Бројните топлински станици во градовите и бензинските пумпи и посебно рафинериите и складиштата на гориво, може трајно да го загрозат водоносникот. Во заштитните зони треба да се забрани изградба на горенаведените објекти, како и развој на индустрија која во својот технолошки процес користи опасни и токсични материјали. Во групата на опасности од индустриското производство влегуваат и отпадните води на индустријата и нивниот цврст и течен отпад.

Градежни активности како што се изградба на објекти за различна намена, при чија изградба ќе се користи градежна механизација, за рамнење на теренот, ископ на земјиште за подрумски простории, ископ на ровови за најразлични исталации (водовод, фекална и атмосферска канализација, телефонска мрежа, гасна мрежа, електро каблови, кабловска мрежа и др.), се потенцијални загадувачи на подземните води ако се вршат неконтролирано. Особено ако овие активности се изведуваат во алувијално-терасните седимент на локалитетот "Шорка", односно со машински ископ се навлегува во надводоносната зона и може директно да ги загадат подземните води. Се препорачува во рамки на втората заштитна зона да не се изведуваат подлабоки ископи, на пример изградба на подрумски простории, туку само поплитки и тие да бидат изолирани со подземјето со соодветни хидроизолации.

Урбаниот отпад и отпадните води на градовите се забранува да се депонираат во заштитните зони околу изворите за вода за пиење. Депониите за цврст отпад мора да ги имаат сите карактеристики и техничка уреденост на санитарните депонии.

Големата експанзија на малостопанските активности и оформувањето на мали и средни предпријатија, ја наметнува потребата од урбанизирање на просторот во индустриската зона, на северниот дел од градот и во близина на железничката станица и водоснабдувачките објекти-бунари на локалитетот "Шорка", Велес. Со урбанизирањето на дел од широката заштитна зона ќе се обезбеди заштита на водоснабдувачките објекти-бунари и подземните води на локалитетот "Шорка", Велес.

Со проучување на геолошките и хидрогеолошки услови на предметниот локалитет се дојде до заклучок дека објектите кои припаѓаат во широката заштитна зона и покрај индустрискиот пат Велес – Башино село, може да се урбанизираат, со тоа што инвеститорите на објектите мора да се придржуваат до соодветни заштитни мерки.

Во просторот кој е издвоен како потесна заштитна зона (I заштитна зона), како и просторот околу потесната заштитна зона на бунарите, а кој на терен е заштитен со жичана ограда и капија (некои од нив се оштетени и треба да се обноват и одржуваат), не се дозволени било какви урбанистички зафати.

Заштитните зони се означуваат на теренот со предупредувачки знаци и информативни табли. Во нашиот случај, предупредувачки знаци и информативни табли не се поставени, додека жичаната ограда најчесто е оштетена, како и самите заштитни објекти над бунарите се физички обиени. Ваквата состојба во блиска иднина треба да се надмине и да се врши повремен надзор на бунарите (*Слика 4 и 5).*

(4) (5)

Слика 4 и 5. Моментално незаштитени бунари за влез на лица и животни

8. АКТИВНОСТИ КОИ СЕ ЗАБРАНЕТИ ДА СЕ ВРШАТ ВО ЗАШТИТНИТЕ ЗОНИ И ВЛИЈАНИЕТО НА ИСТИТЕ ВРЗ ЗАШТИТНИТЕ ЗОНИ И ВОДАТА НАМЕНЕТА ЗА КОНСУМИРАЊЕ ОД СТРАНА НА ЧОВЕКОТ

Една од основните цели на воспоставување на заштитните зони е да се отстранат можностите за негативно делување на сите надворешни фактори, кои би влијаеле на промената на физичките, хемиските, бактериолошките и биолошките особини на водата, како и на издашноста на извориштата (бунарите).

Во ***потесната заштитна зона I (зона на строг санитарен надзор) – I (прва) заштитна зона***, на постоечките бунари не треба да се вршат други работи и активности, со цел заштита на бунарската вода наменета за водоснабдување на градот Велес и околината од загадување, освен оние работи и активности кои се преземаат заради одржување и подобрување на функционалноста на зафатите на бунарите. Пристап до потесната заштитна зона може да имаат само стручни лица вработени во ЈКП „Дервен" - Велес и надлежни испекциски лица, трети лица може да влегуваат само со дозвола на Директорот на ЈКП „Дервен" – Велес.

Потесната заштитна зона задолжително при експлоатација на вода е под 24 часовен надзор.

Во потесната заштитна зона I и во поширокиот заграден простор не треба да се врши:

- градење на објекти и постројки, користење на земјиште и вршење на други дејности кои не се во функција на јавното водоснабдување;
- користење на површините за интензивно земјоделство кое бара користење на хемиски ѓубрива и пестициди, хербициди и инсектициди;
- експлоатација на песок, чакал и камен од коритата и бреговите на природните водотеци;
- експлоатација на минерални суровини и експлоатација на подземни води, а не е во функција на јавното водоснабдување;
- секакво нарушување на горниот заштитен слој на почвата;
- сечење дрвја и уништување на вегетацијата;

- неконтролиран транспорт, складирање и користење на материи кои по својот состав се опасни за подземните водоносни слоеви;
- пристап на возила на моторен погон кои не се во функција на ЈКП „Дервен" - Велес;
- узгој, движење и испаша на стока.

Жичаната ограда на просторот околу бунарите, како и објектите над бунарите треба да се доведат во состојба да не можат да влегуваат животни и луѓе, кои може негативно да влијаат на квалитетот на водата. Исто така, потребно е да се врши повремен надзор на објектите и бунарите, со цел да бидат заштитени бунарите.

Просторот кој е означен како потесна заштитна зона на сите бунари, како и поширокиот простор кој на терен е заграден со жичана ограда и капија, за група бунари или поединечно за секој од бунарите, треба да се засади со трева со плиток корен која редовно ќе се одржува без употреба на вештачко и природно ѓубре и заштитни средства.

Во ***широката заштитна зона II (зона на санитарно ограничување) – II (втора) заштитна зона*** не треба да се врши:

- изградба на објекти како што се трла, бачила, мандри, кланици, фарми за одгледување на животни и сл. освен врз основа на одобрен Елаборат за заштита на животната средина;
- изградба на индустриски, станбени, туристички, угостителски, спортско-рекреативни, земјоделско-стопански објекти и други објекти, како и вршење на дејности, чии отпадни води и други отпадни материи можат да го загрозат квалитетот, здравствената исправност на водата и издашноста на бунарите;
- објекти со длабоки подрумски простории, max ископ до 1m над ниво на подземна вода;
- изградба на бензински пумпи, механичарски сервиси или сервиси за миење возила;
- намалување на горниот заштитен слој на почвата;
- интензивно земјоделство со примена на хемиски ѓубрива и пестициди, инсектициди и хербициди, освен за индивидуални потреби без или мала употреба на вештачки ѓубрива и пестициди;
- изградба на пропусни (попивателни) јами, освен јами со прописна изолација;
- експлоатацијата на песок, чакал и камен од коритата и бреговите на природните водотеци и активности што го оштетуваат речното корито и бреговите на водотеците;
- изведба на бунари за експлоатација на подземни води за наводнување на поголеми земјоделски површини или други намени, кои би ја намалиле издашноста на бунарите за водоснабдување на градот Велес, освен бунари за индивидуални потреби на постојните домаќинства;
- складирање на градежни материјали со опасни супстанции;
- транспорт и испуштање на деривати и хемикалии, складирање и користење на нафта и нафтени деривати, хемиски и други опасни и штетни материи;
- изградба на сообраќајници без одводни канали за атмосферски води од површината на истите;
- формирање на нови гробишта и проширување на капацитетот на постојните;
- да се ограничи движењето на тешки моторни возила и забрани движење на неисправни возила;
- одржување на авто и мото трки; и

- преземање на други дејствија кои можат да влијаат на квалитетот на подземната вода, вклучувајќи ги и дејствијата чие преземање со оваа Одлука, е забрането во пошироката заштитна зона III.

Домаќинствата (постоечките и они кои допрва ќе се легализираат) да бидат приклучени на фекална канализација или да поседуваат прописно изведени септички јами, кои треба да се чистат и собираат отпадните води од страна на ЈКП „Дервен"-Велес.

Атмосферските води (од кровни површини и улици) да не се насоочуваат во попивателни бунари, со што директно би се измешале и би ги загадиле подземните води, туку тие да се насочат во соодветна атмосферска канализација.

Да постои и соодветен начин на складирање на отпадот од домаќинствата, како течен така и цврстиот отпад.

Поради хидрауличката врска на бунарите со површинските води на реката Вардар, потребно е кога се врши експлоатација на вода од бунарите, паралелно да се врши мониторинг на квалитетот на водата во бунарите и водите на реката Вардар.

Во втората заштитна зона се препорачува да се воспостави заштитно зеленило, заради превенција од можните штетни ефекти од контаминираната почва со тешки метали.

Во ***пошироката заштитна зона III (зона на хигиенско-епидемиолошко следење и набљудување) – III (трета) заштитна зона*** не треба да се врши:

- експлоатацијата на песок, чакал и камен од коритата и бреговите на природните водотеци и активности што го оштетуваат речното корито и бреговите на водотеците;
- изградба на индустриски, туристички, угостителски, спортско рекреативни и земјоделско стопански и други објекти како и вршење на дејности чии отпадни води и други отпадни материи можат да го загрозат квалитетот, здравствената исправност на водата и издашноста на извориштето;
- транспорт на деривати и хемикалии, складирање и користење на нафта и нафтени деривати, хемиски и други опасни и штетни материи;
- да се ограничи движењето на тешки моторни возила и забрани движење на неисправни возила и одржување на авто и мото трки, освен транспорт на шумски сортименти и саден материјал;
- изградба на сообраќајници без канали за атмосферски води;
- користење на земјиштето во колку се загрозуваат неговите природни вредности, вклучувајќи ги и подземните и површинските води кои можат да го загрозат квалитетот, здравствената исправност на водата и издашноста на изворот;
- испуштање на непречистени урбани отпадни води и индустриски отпадни води;
- експлоатација и испуштање на масла, хемиски, опасни и радиоактивни материи;
- депонирање и исфрлање на отпадни цврсти материи, нивното депонирање и исфрлање да биде во организирани, обезбедени и контролирани депонии кои се наоѓаат надвор од сливното подрачје;
- обесшумување; и
- интензивно земјоделство со голема примена на хемиски ѓубрива и пестициди, инсектициди и хербициди.

Јаловиштето од Топилницата за олово и цинк кое е опфатено со пошироката заштитна зона да се заштити со глина, заради превенција од контаминација преку разнесување на ситната прашина (со тешки метали) со ветер, како и од ерозија.

Во пошироката заштитна зона може да се спроведуваат мерки на одгледување, нега и обнова на шумите, пошумување на насадите за обнова на шумите и пошумување на голини за заштита од ерозија на ЈП „Македонски шуми".

Сточарењето да биде на постојниот традиционален начин, не треба да се формира фармерско производство како за ситна така и за крупна стока.

Корисниците на земјиштето во ова зона ако изведуваат активности кои имаат влијание врз животната средина се должни да изработат Елаборат за заштита на животната средина или Студија за оцена на влијанието врз животната средина согласно закон.

9. ПРЕДЛОГ ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ЗАШТИТНИ ЗОНИ ОКОЛУ ВОДОЗАФАТНИТЕ ОБЈЕКТИ СО ПРЕДЛОГ ЗАШТИТНИ МЕРКИ

Анализирајќи ги морфолошките, геолошките, хидрогеолошките и другите карактеристики на сливното подрачје во кое се наоѓаат изведените рени бунари, се доаѓа до заклучок за постоење на една просторна целина со делумно зачувани природни вредности. Затоа, воспоставувањето на заштитни зони околу овие водозафатни објекти на предметниот локалитет, ќе претставува важна превентивна мерка за понатамошна заштита на подземните води за пиење од биолошко, микробиолошко, физичко-хемиско, радиолошко и друг вид на загадување, кои можат да предизвикаат штетно дејство врз квалитетот, квантитетот и безбедноста на водата за пиење.

Формирањето на заштитните зони мора да биде засновано на природните геолошки и хидрогеолошки карактеристики на теренот, како и на однесувањето на биолошките и хемиските материи кои се присутни во водата и тлото во соодветниот локалитет.

Исто така одредувањето на заштитните зони ќе биде во согласност со постоечкиот **Правилник за начинот на определување на заштитни зони околу изворите на вода за пиење (Службен весник на Р.М. бр.17/1983) и Правилникот за содржината и начинот на изготвување на Елаборат за одредување на границите на заштитните зони, заштитните мерки и другите услови за водите наменети за консумирање од страна на човекот, Службен весник на РМ бр.29/2014.** Со овој правилник се утврдува начинот на определување и одржување на зоните за заштита на квалитетот и издашноста на водата од бунарите, кои се користат или се наменети за водоснабдување на населението и за производство и преработка на прехранбени производи во градот Велес.

Со постојните законски прописи предвидени се три вида на заштитни зони и тоа:

1. Потесна заштитна зона (зона на строг санитарен надзор) – I (прва) заштитна зона;

2. Широка заштитна зона (зона на санитарно ограничување) – II (втора) заштитна зона;

3. Поширока заштитна зона (зона на хигиенско-епидемиолошко следење и набљудување) – III (трета) заштитна зона.

Генерално заштитните зони се одредуваат:

I Заштитна зона околу водозафатните објекти – куќарки;

II Заштитна зона во рамки на влијание на бунарите (радиус на влијание на бунарите);

III Заштитна зона го опфаќа сливното подрачје.

Границите на заштитните зони се определуваат во зависност од видот на извориштето, односно од местото на зафаќање на води за пиење (бунар, извор, река, езеро, акумулација и др.).

9.1. Потесна заштитна зона (зона на строг санитарен надзор) - I (прва) заштитна зона

Големината на просторот на потесната заштитна зона (I-прва заштитна зона) *за* ***водозафатните објекти – бунари во рамки на рени бунарите на локацијата "Шорка", се определува да изнесува 10 m***, во сите правци од секој од водозафатните објекти-бунари, како и останатите придружни објекти кои се директно поврзани со зафаќањето на вода за пиење. Одредувањето е направено согласно **Правилникот за начинот на одредување на заштитните зони околу водозафатни објекти,** во овој случај водозафатните објекти се претставени само со бунари.

Најкрајните точки од првата заштитна зона, односно најсеверната, најисточната, најјужна и најзападна точка со нивните координати, околу сите бунари како и координати на самите бунари, се прикажани во Прилог 5/1-5/6.

Потесната заштитна зона ги опфаќа водозафатните објекти – бунари, постројките за преработка на вода и објектите неопходни за работа, хлорирање на водата, одржување и чување на водозафатните објекти.

Оваа зона за секој од бунарите и каптираните извори потребно е од практични причини, во период на експлоатација на бунарите, да биде заградена со жичана ограда, чувана и опремена со алармни уреди со цел да се преземат најригорозни мерки за заштита од загадување на извориштето. Во оваа зона би бил дозволен пристап само на вработени лица чии активности се однесуваат во врска со водоснабдителниот систем и истите лица треба да бидат подложни на задолжителни периодични здравствено-хигиенски прегледи на секои 6 (шест) месеци во надлежниот Центар за јавно здравје – Велес, согласно со член 5 од **Правилникот за начинот на вршење, содржината на прегледите, видовите на прегледите и роковите на вршењето на задолжителните здравствено-хигиенски прегледи на вработените (Службен весник на РМ бр.152/2007).**

Забранет е јавен пристап на возила и пешаци, изведување на било какви работи и изградба на објекти кои не се во функција на водозафатните објекти, како и забранета е секаква земјоделска активност, кои бараат ѓубрење и третирање со пестициди. Површината на потесната заштитна зона да се обработи хортикултурно, сообразено со околната вегетација.

Ограничувањата за потесната заштитна зона се ригорозни, не се дозволува практично ниту една друга активност освен оние кои се поврзани за експлоатацијата, преработка и пренос на водата во водоснабдителниот систем.

Жичаната ограда на просторот околу бунарите, како и објектите над бунарите треба да се доведат во состојба да не можат да влегуваат животни и луѓе, кои може негативно да влијаат на квалитетот на водата. Исто така, потребно е да се врши повремен надзор на објектите и бунарите, со цел да бидат заштитени бунарите.

9.2. Широка заштитна зона (зона на санитарно ограничување) - II (втора) заштитна зона

Широката заштитна зона (II - втора заштитна зона) ***на водозафатните објекти-бунари*** за водоснабдување *градот Велес* се определува врз основа на можното микробиолошко загадување да достигне до местото на водозафатот од најмалку 100 дена, согласно **Правилникот за начинот на одредување на заштитните зони околу водозафатни објекти**, Прилог бр. 4.

Широката заштитна зона за целото бунарско подрачје се определува врз основа на можното микробиолошко загадување да достигне до местото на водозафатот од најмалку 100 дена, за услови на меѓуслојна подземна вода, а согласно **Правилникот за начинот на одредување на заштитните зони околу водозафатни објекти**.

Издвоена е оделно заедничка втора заштитна зона за сите рени бунари и се прикажани на Прилог бр.4. Граничните точки на втората заштитна зона за рени бунарите се дефинирани со координати, прикажани во следната табела:

Табела бр.5. Гранични точки на втора заштитна зона за бунарите

Точка	Координати	
	Y	X
T-1	7 562 349	4 623 214
T-2	7 563 155	4 623 228
T-3	7 565 071	4 622 302
T-4	7 565 210	4 620 788
T-5	7 564 517	4 620 398
T-6	7 564 066	4 621 081
T-7	7 563 246	4 622 139
T-8	7 562 988	4 622 673

Внатре во оваа зона е забрането лоцирање на санитарни депонии. Одгледувањето на стока треба да биде сведено на индивидуално селско производство. Исто така, не е дозволена изградба на рибници, како и организирање на кампови и изградба на спортски терени.

Треба да се ограничи движењето на тешки моторни возила и забрана за движење на неисправни возила, потоа забрана за транспорт на деривати и хемикалии, како и складирање и манипулација со деривати, хемиски и други штетни материи на трасите на пристапите кон извориштата. Во случај на неконтролирано излевање на деривати, треба веднаш да се извести управата на ЈКП „Дервен" - Велес, како и најблиската полициска станица, а контаминираната почва да биде собрана и отстранета од сливот на соодветна депонија.

Лешевите и остатоците од животинско потекло треба да бидат складирани во контејнери и бидат изнесени до депониите.

За барањата за изградба на било каков објект и инфраструктура треба да се извести Министерството за животна средина и просторно планирање заради оцена на влијанието врз животната средина (изградба на трла, бачила, мандри, кланици, фарми за одгледување на животни сл.).

Треба да се стави забрана на експлоатација на било каков вид минерални суровини, како и да се стави ред во експлоатација на шумите во самото сливно подрачје.

Во втората заштитна зона не може да се изведуваат или употребуваат објекти и постројки, да се користи почвата или вршат други дејности, ако тоа ја загрозува безбедноста на водата на извориштето, и тоа:

- изградба на објекти како што се трла, бачила, мандри, кланици, фарми за одгледување на животни и сл. освен врз основа на одобрен Елаборат за заштита на животната средина;
- изградба на индустриски, станбени, туристички, угостителски, спортско-рекреативни, земјоделско-стопански објекти и други објекти, како и вршење на дејности, чии отпадни води и други отпадни материи можат да го загрозат квалитетот, здравствената исправност на водата и издашноста на бунарите;
- објекти со длабоки подрумски простории, max ископ до 1m над ниво на подземна вода;
- изградба на бензински пумпи, механичарски сервиси или сервиси за миење возила;
- намалување на горниот заштитен слој на почвата;
- интензивно земјоделство со примена на хемиски ѓубрива и пестициди, инсектициди и хербициди, освен за индивидуални потреби без или мала употреба на вештачки ѓубрива и пестициди;
- изградба на пропусни (попивателни) јами, освен јами со прописна изолација;
- експлоатацијата на песок, чакал и камен од коритата и бреговите на природните водотеци и активности што го оштетуваат речното корито и бреговите на водотеците;
- изведба на бунари за експлоатација на подземни води за наводнување на поголеми земјоделски површини или други намени, кои би ја намалиле издашноста на бунарите за водоснабдување на градот Велес, освен бунари за индивидуални потреби на постојните домаќинства;
- складирање на градежни материјали со опасни супстанции;
- транспорт и испуштање на деривати и хемикалии, складирање и користење на нафта и нафтени деривати, хемиски и други опасни и штетни материи;
- изградба на сообраќајници без одводни канали за атмосферски води од површината на истите;
- формирање на нови гробишта и проширување на капацитетот на постојните;
- да се ограничи движењето на тешки моторни возила и забрани движење на неисправни возила;
- одржување на авто и мото трки; и
- преземање на други дејствија кои можат да влијаат на квалитетот на подземната вода, вклучувајќи ги и дејствијата чие преземање со оваа Одлука, е забрането во пошироката заштитна зона III.

9.3. Поширока заштитна зона (зона на хигиенско-епидемиолошко следење и набљудување) - III (трета) заштитна зона

Границата на пошироката заштитна зона го опфаќа просторот помеѓу надворешната граница на втората заштитна зона и сливното подрачје на површинските водотеци, кои всушност во најголем дел ги хранат подземните води, односно водозафатните објекти-бунари за водоснабдување на градот Велес.

Границата на третата заштитна зона почнувајќи од северозапад ќе се протега од тригонометриска точка 408, во близина на топонимот Орлов камен, понатаму во правец на североисток оди до тригонометриска точка 381, потоа границата се спушта кон југозапад до кота 348, понатаму се надоврзува на кота 353, потоа продолжува кон тригонометриска точка 371, понатаму се спушта кон југоисток до тригонометриска точка 288, понатаму границата продолжува кон југ до кота 304, потоа границата се продолжува кон запад до кота 205, понатаму се надоврзува на тригонометриска точка 266, понатаму границата продолжува кон северозапад до тригонометриска точка 611, потоа границата свртува кон север до топонимот Средно брдо со тригонометриска точка 552, потоа границата се надоврзува до тригонометриска точка 675, понатаму границата продолжува до кота 642 и на крајот кон североисток се надоврзува на почетната кота 408, Прилог 4.

Третата заштитна зона ќе биде ограничена со вкупно 13 гранични точки, чии координати се прикажани во следната табела:

Табела бр.6 Гранични точки на трета заштитна зона

Точка	Координати	
	Y	X
T-1	7 599 651	4 625 901
T-2	7 560 736	4 626 254
T-3	7 563 137	4 625 288
T-4	7 564 195	4 624 904
T-5	7 565 837	4 623 700
T-6	7 566 420	4 622 270
T-7	7 566 377	4 620 272
T-8	7 565 965	4 620 109
T-9	7 562 635	4 619 866
T-10	7 561 098	4 620 455
T-11	7 560 905	4 621 895
T-12	7 560 348	4 623 364
T-13	7 560 164	4 624 282

Исто така, во третата заштитна зона постојат низа на забрани и ограничувања, кои ќе бидат опфатени во текстот што следи, но сепак потребните ограничувања во оваа зона се многу помали отколку во втората заштитна зона.

Во оваа зона исто така се забранува користењето на земјиштето во колку се загрозуваат неговите природни вредности, вклучувајќи ги и подземните и површинските води кои можат да го загрозат квалитетот, здравствената исправност и издашноста на

водата во изворите на вода за пиење.

На површините и водотеците во оваа зона забрането е испуштање на непречистени отпадни фекални и индустриски употребени води. Забрането е испуштање на масла, токсични и радиоактивни материи. Депонирањето и исфрлањето на отпадни цврсти материи е исклучиво во организирани, обезбедени и контролирани депонии кои се наоѓаат надвор од сливното хидрогеолошко подрачје.

Сточарењето да биде на постојниот традиционален начин, да не се дозволи изградба на сточни и живинарски фарми.

Корисниците на земјиштето во оваа зона кои евентуално би имале штетно влијание на човековата околина се должни да изработат еколошки елаборати.

Набљудувањето и соодветните санитарно-хигиенски и санитарно хидролошки интервенции треба да бидат такви за да се сочува хидролошкото надземно и подземно богатство, како и квалитетот на сите води во нивниот првобитен и природен состав. Во рамките на тоа потребно е стопирање на изградбата во оваа зона, а постојните објекти да се сообразат со барањата и другите услови, што се пропишани за третите санитарно-заштитни зони.

Во третата заштитна зона не може да се градат или употребуваат објекти и постројки, да се користи почвата или вршат други дејности, ако тоа ја загрозува безбедноста на водата на извориштето, и тоа:

- изградба на објекти како што се трла, бачила, мандри, кланици, фарми за одгледување на животни и сл. освен врз основа на одобрен Елаборат за заштита на животната средина;
- изградба на индустриски, станбени, туристички, угостителски, спортско-рекреативни, земјоделско-стопански објекти и други објекти, како и вршење на дејности, чии отпадни води и други отпадни материи можат да го загрозат квалитетот, здравствената исправност на водата и издашноста на бунарите;
- изградба на бензински пумпи, механичарски сервиси или сервиси за миење возила чии отпадни води можат да го загрозат квалитетот, здравствената исправност на водата од бунарите;
- интензивно земјоделство со примена на хемиски ѓубрива и пестициди, инсектициди и хербициди, освен за индивидуални потреби без или мала употреба на вештачки ѓубрива и пестициди;
- изградба на пропусни (попивателни) јами, освен јами со прописна изолација;
- експлоатацијата на песок, чакал и камен од коритата и бреговите на природните водотеци и активности што го оштетуваат речното корито и бреговите на водотеците;
- изведба на бунари за експлоатација на подземни води за наводнување на поголеми земјоделски површини или други намени, кои би ја намалиле издашноста на бунарите за водоснабдување на градот Велес, освен бунари за индивидуални потреби на постојните домаќинства;
- складирање на градежни материјали со опасни супстанции;
- транспорт и испуштање на деривати и хемикалии, складирање и користење на нафта и нафтени деривати, хемиски и други опасни и штетни материи;
- изградба на сообраќајници без одводни канали за атмосферски води од површината на истите;

- формирање на нови гробишта и проширување на капацитетот на постојните;
- да се ограничи движењето на тешки моторни возила и забрани движење на неисправни возила и одржување на авто и мото трки, освен транспорт на шумски сортименти и саден материјал;
- одржување на авто и мото трки.

Напомена: Без оглед што се издвоени зони на заштита на рени бунарите, поради нивната хидроуличка врска со површинските води на реката Вардар, односно тие се прихрануваат од реката Вардар, квалитетот и исправноста на водата ќе биде во директна зависност од квалитетот на водата од реката Вардар.

10. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

Генерално со поголемиот недостаток на неопходна и квалитетна вода за пиење, од страна на населението, се наметнува потребата од поголема контрола и посоодветно управување со постоечките и достапни водени ресурси.

На општина Велес и се предлагаат следните препораки:

- **Во просторниот план на општината Велес да се вцртат и обележат дефинираните санитарно-заштитни зони.**
- **Во урбанистичкиот и локалниот просторен план на општината Велес исто така да се вцртат и обележат дефинираните санитарно-заштитни зони.**
- **Советот на општината Велес да донесе одлука за измена и дополнување на споменатиот урбанистички и просторен план и одлука за усвојување на соодветните санитарно-заштитни зони.**
- **ЈКП „Дервен" - Велес да поднесе барање до Владата на Република Македонија за донесување Одлука за определување на заштитни зони за заштита на водите околу подрачјето на зафатите на подземна вода на територијата на Велес.**

Март 2015 година

С к о п ј е

Стојан Михаиловски, дипл. инж. хидрогеолог

Проф. д-р Михаил Кочубовски, спец. по хигиена

Јордан Јаневски, дипл. град. инженер

ОРИЕНТАЦИОНО - КОМУНИКАЦИОНА КАРТА
М = 1:300 000

Локација: ВЕЛЕС



ЛЕГЕНДА:

○ Подрачје на кое се изведени рени бунари за водоснабдување на градот ВЕЛЕС

Прилог бр.1

ХИДРОГЕОЛОШКА КАРТА

РЕОНИЗАЦИЈА НА ТЕРЕН ПО ТИПОВИ НА ИЗДАН И КЛАСА НА ВОДОПРОПУСНОСТ

Локација: ВЕЛЕС

М 1:300 000



ЛЕГЕНДА:

КЛАСА НА ВОДОПРОПУСНОСТ

11 — Терени изградени од неврзани карпи со ниска водопропусност (делувиум, пролувиум-песоклива прашина; прашинест песок и чакал и др .)
K_f = 0.086-0.86 m/den; T = 15-50 m^2/den; Q_{bun}=0.5-2 l/s

12 — Терени изградени од неврзани карпи со средна водопропусност (алувиум - песок; чакал; прашинест песок и др.)
K_f = 0.86-8.6 m/den; T = 50-300 m^2/den; Q_{bun}=2-10 l/s

13 — Терени изградени од неврзани карпи со висока водопропусност (алувиум - песок и чакал)
K_f = 8.6-86.4 m/den; T = 300-1500 m^2/den; Q_{bun}=10-50 l/s

14 — Терени изградени од неврзани карпи со многу висока водопропусност (крупнозрни чисти чакали)
K_f = > 86.4 m/den; T = > 1500 m^2/den; Q_{bun} > 50 l/s

31,32,33 — Терени изградени од карбонатни карпи со висока до многу висока водопропусност, карстно пукнатински тип на издани
10 карстни појави/km^2; Q_i > 10.0 - 1000 l/s; локално > 1000 l/s; q_{sp} ≈ 10l/s/km^2

41,42 — Терени изградени од ефузивни и други цврсти карпи со средна водопропусност
Q_{bun} = 2 - 10 l/s; Q_i = 2 - 10 l/s; q_{sp} ≈ 1.5 l/s/km^2

60 — Терени изградени од различни цврсти карпи слабо водопропусни до водонепропусни пукнатински тип на издан само локално плитко под површината на теренотсо ограничен простор
Q_{bun} < 2 l/s; Q_i < 2 l/s; q_{sp} ≈ 0.2 l/s/km^2

70,80 — Главно безводни терени локално многу слабо водопропусни изградени главно од флишоидни и лапоровити седименти

ПОДЗЕМНО-ВОДНИ ПОЈАВИ

- < 0.1
- 0.1-1
- 1-10
- 10-100
- > 100

Постојан извор на слатка вода со издашност [l/s]

Копан бунар до 6 m длабочина

Активен дупчен бунар со длабочина преку 6 m

Изведени бунари во реонот на "Шорка" - Велес

Поголема река

Река

Прилог бр.2

ГЕОЛОШКА КАРТА НА ПОШИРОКИОТ РЕГИОН

М 1:100 000

7555 Локација: ВЕЛЕС



ЛЕГЕНДА:

- al — АЛУВИУМ
- d — ДЕЛУВИУМ
- pr — ПРОЛУВИУМ
- Pl — ПЕСОЦИ И ГЛИНИ
- E_3 — КОНГЛОМЕРАТИ
- K_2^3 — ФЛИШ: ПЕСОЧНИЦИ, ГЛИНЦИ, ЛАПОРЦИ ВАРОВНИЦИ
- K_2^3 — ПЛОЧЕСТИ ВАРОВНИЦИ
- Se — СЕРПЕНТИНИТИ
- T_3 — МАСИВНИ ВАРОВНИЦИ
- T_2 — ПЛОЧЕСТИ ВАРОВНИЦИ
- Sb — БИОТИТСКИ И КВАРЦ-СЕРИЦИТСКИ ШКРИЛЦИ
- Q — КВАРЦИТИ
- M — МЕРМЕРИ
- Sep — ЗЕЛЕНИ ШКРИЛЦИ
- ГЕОЛОШКА ГРАНИЦА: УТВРДЕНА, ПРЕТПОСТАВЕНА
- ЕРОЗИОНО-ТЕКТОНСКА ГРАНИЦА
- ЧЕЛО НА ЛУШПА
- РАСЕД: УТВРДЕН, ПРЕТПОСТАВЕН
- 65 ЕЛЕМЕНТИ НА ПАД НА ФОЛИЈАЦИЈА
- 45 ЕЛЕМЕНТИ НА ПАД НА ПУКНАТИНИ
- БУНАРИ ВО РЕОНОТ "ШОРКА"-ВЕЛЕС

Прилог бр.3



ЛЕГЕНДА:

- РЕНИ БУНАРИ
- ШИРОКА ЗАШТИТНА ЗОНА (ЗОНА НА САНИТАРНО ОГРАНИЧУВАЊЕ) - II (ВТОРА) ЗАШТИТНА ЗОНА
- ПОШИРОКА ЗАШТИТНА ЗОНА (ЗОНА НА ХИГИЕНСКО-ЕПИДЕМИОЛОШКО СЛЕДЕЊЕ И НАБЉУДУВАЊЕ) - III (ТРЕТА) ЗАШТИТНА ЗОНА

ГРАДЕЖЕН ИНСТИТУТ "МАКЕДОНИЈА", А.Д. - Скопје
ЗАВОД ГЕОТЕХНИКА

Одговорен инженер: Стојан Михаиловски, дипл.инж.хидрогеолог	Инвеститор: ОПШТИНА ВЕЛЕС		
Графичка обработка: Стојан Михаиловски дипл.инж.хидрогеолог	ЕЛАБОРАТ ЗА ОДРЕДУВАЊЕ НА ГРАНИЦИ НА ЗАШТИТНИ ЗОНИ ОКОЛУ ВОДОЗАФАТНИТЕ ОБЈЕКТИ - БУНАРИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ НА ГРАДОТ ВЕЛЕС		
Соработници: Проф. Д-р. Михаил Кочубовски, спец. по хигиена Јордан Јанчевски, дипл.град.инж. Марко Марков, дипл.инж.хидрогеолог	Контролирал: Д-р. Златко Илијовски, дипл.инж.геолог		
Наслов на цртежот: ТОПОГРАФСКА КАРТА СО ПРИКАЗ НА ИЗДВОЕНИ ЗАШТИТНИ ЗОНИ ОКОЛУ ВОДОЗАФАТНИ ОБЈЕКТИ - БУНАРИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ НА ГРАДОТ ВЕЛЕС	Мерка: 1:25 000	Датум: Март 2015	Прилог бр. 4

КАРТА СО ПРИКАЗ НА ИЗДВОЕНАТА ПРВА ЗАШТИТНА ЗОНА ОКОЛУ БУНАРИТЕ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ НА ВЕЛЕС

М 1: 1000



Бр.на точка	y	x
Б-1	7 563 869	4 621 887
Т-1	7 563 859	4 621 914
Т-2	7 563 869	4 621 905
Т-3	7 563 859	4 621 895
Т-4	7 563 849	4 621 905

ЛЕГЕНДА:

Т-1, Т-2, Т-3, Т-4 — Потесна заштитна зона (зона на строг санитарен надзор) - I (прва) заштитна зона

Жичана ограда на парцелата

Прилог бр.5/1

КАРТА СО ПРИКАЗ НА ИЗДВОЕНАТА ПРВА ЗАШТИТНА ЗОНА ОКОЛУ БУНАРИТЕ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ НА ВЕЛЕС

М 1: 1000



Бр.на точка	y	x
РБ-2	7 564 137	4 621 567
Т-1	7 564 129	4 621 592
Т-2	7 564 139	4621 582
Т-3	7 564 129	4 621 572
Т-4	7 564 119	4 621 582

ЛЕГЕНДА:



Потесна заштитна зона (зона на строг санитарен надзор) - I (прва) заштитна зона

Жичана ограда на парцелата

Прилог бр.5/2

КАРТА СО ПРИКАЗ НА ИЗДВОЕНАТА ПРВА ЗАШТИТНА ЗОНА ОКОЛУ БУНАРИТЕ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ НА ВЕЛЕС

M 1: 1000

Бр.на точка	y	x
'Б-1	7 564 295	4 621 345
Т-1	7 564 296	4 621 355
Т-2	7 564 305	4 621 345
Т-3	7 564 296	4 621 335
Т-4	7 564 286	4 621 345

ЛЕГЕНДА:



Потесна заштитна зона (зона на строг санитарен надзор)
- I (прва) заштитна зона



Жичана ограда на парцелата

Прилог бр.5/3

КАРТА СО ПРИКАЗ НА ИЗДВОЕНАТА ПРВА ЗАШТИТНА ЗОНА ОКОЛУ БУНАРИТЕ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ НА ВЕЛЕС

М 1: 1000



Бр.на точка	y	x
Б	7 564 317	4 621 128
Т-1	7 564 317	4 621 138
Т-2	7 564 326	4 621 128
Т-3	7 564 317	4 621 118
Т-4	7 564 307	4 621 128

Л Е Г Е Н Д А:



Потесна заштитна зона (зона на строг санитарен надзор)
- I (прва) заштитна зона

Прилог бр.5/4

КАРТА СО ПРИКАЗ НА ИЗДВОЕНАТА ПРВА ЗАШТИТНА ЗОНА ОКОЛУ БУНАРИТЕ "Шорка" ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ НА ВЕЛЕС

М 1: 1000



Бр.на точка	y	x
Б	7 564 446	4 621 032
Т-1	7 564 446	4 621 042
Т-2	7 564 454	4 621 032
Т-3	7 564 444	4 621 022
Т-4	7 564 434	4 621 032

Бр.на точка	y	x
Б	7 564 602	4 621 012
Т-1	7 564 602	4 621 026
Т-2	7 564 612	4 621 016
Т-3	7 564 602	4 621 006
Т-4	7 564 592	4 621 016

Бр.на точка	y	x
Б	7 564 526	4 620 861
Т-1	7 564 625	4 620 871
Т-2	7 564 535	4 620 861
Т-3	7 564 525	4 620 851
Т-4	7 564 515	4 620 860

Прилог бр.5/5

КАРТА СО ПРИКАЗ НА ИЗДВОЕНА I ПРВА ЗАШТИТНА ЗОНА ОКОЛУ "ТОПИЛНИЧКИ БУНАР" НА ЛОКАЦИЈА, ВЕЛЕС

М 1 : 1 000

Бр. на точка	y	x
Б	7 563 174	4 622 772
Т-1	7 563 174	4 622 782
Т-2	7 563 184	4 622 772
Т-3	7 563 174	4 622 762
Т-4	7 563 164	4 622 772

© 2014, Агенција за катастар на недвижности.

ЛЕГЕНДА:



Потесна заштитна зона (зона на строг санитарен надзор) -I (прва) заштитна зона



Жичана ограда на парцелата

КОНСТРУКЦИЈА НА БУНАРИТЕ НА ЛОКАЦИЈА ВО ВЕЛЕС

М 1 : 50/100



ЛЕГЕНДА:

1. Бунарска куќарка за заштита на бунарот и бунарската опрема
2. Потисен цевковод
3. Бетонски прстени со дијаметар Ø 4,0m
4. Потопна пумпа

Прилог бр. 6

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА - DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR
СЕКТОР ЗА ПРИРОДА - SEKTORI I NATYRËS

Арх. Бр./Nr.Arh. 11-2869 /4
Дата/Data: 10 -05- 2024 год./viti

ДО: "ДИК ЧАКАР – ПАРТНЕРС" ДОО

ул. "Народен фронт" бр.5 IV/9

1000 Скопје

ПРЕДМЕТ: Одговор на барање

ВРСКА: Ваш број. 0801-75/1 од 02.04.2024

Наш број. 11-2869/1 од 03.04.2024

Почитувани,

Во врска со доставениот допис со акт бр. 11-2869/1 од 03.04.2024 година кој се однесува на барање за известување, податоци, информаци и мислења, а се однесува за предметен опфат за кој е отпочната постапка за изработка на "Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктура за Магистрален гасовод, Делница Св. Николе – Велес", Секторот за природа при Управата за животна средина како орган во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање од аспект на своите надлежности од областа на заштита на природата и увидот на доставената документација, Ве известува за следното:

Согласно мислење од Служба за просторно информативен систем (бр. 16-2869/3 од 26.04.2024), како и согласно евиденцијата на природно наследство на територијата на Република Северна Македонија и Секторска Студија за заштита на природното наследство, изготвена за потребите на

Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА - DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR
СЕКТОР ЗА ПРИРОДА - SEKTORI I NATYRËS

Просторниот план на Република Македонија ("Сл. весник на РМ" бр.39/04), констатирано е дека просторот на предметниот плански опфат не влегува внатре во границите на заштитените подрачја како и во идентификувано и Натура 2000 подрачје.

Меѓутоа предметниот плански опфат зафаќа и дел од Емералд подрачје – Овче Поле, кој е дел од Националната Емералд мрежа, која опфаќа подрачја од посебен интерес за зачувување (ASCI). Овие подрачја се назначуваат со цел зачувување на мрежата на природни живеалишта и се воспоставуваат на територијата на земјите членки на Бернска конвенција (Конвенција за зачувување на дивиот свет и природните живеалишта во Европа), која е ратификувана од нашата држава.

МИНИСТЕР
КАТА ШУКОВА

Република Северна Македонија * МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ * Скопје * Shkup * MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR * Republika e Maqedonisë së Veriut

Подготвил: Златко Златков
Проверил: м-р Смиљка Тенева
Контролирал: м-р Сашко Јорданов
Согласен: м-р Влатко Трпески

Друштво за инженеринг и консалтинг ЧАКАР-ПАРТНЕРС ДОО Скопје
Број: 16.05.2024
Орг. Един. | Бр. | Прилог | Вредност:

Одобрил / Aprovoi:
Управа за животна средина/Drejtoria për mjedis jetësor
Директор/Drejtor
Hisen Xhemaili

Државен Секретар / Sekretar Shtetrot
Nebi Rexepi

Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА - DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR
СЕКТОР ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА - SEKTORI PËR MJEDIS JETËSOR

Арх.бр. 11-834/3

Дата 14-04-2025 год.

ДО: ЧАКАР-ПАРТНЕРС ДОО
Народен Фронт Бр.5/IV/9
1000 Скопје

ПРЕДМЕТ: Доставување на мислење

ВРСКА: Ваш број 0801-49/3од 17.02.2025 година

Почитувани,

Во прилог на овој допис Ви доставуваме Мислење со број 11-834/2 кое се однесува на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктура за Магистрален гасоводДелница: Свети Николе-Велес општина Свети Николе општина Лозово и општина Велес.

Со почит,

Nr. arkivi: 11-834/

Data:

DREJTUAR: ÇAKAR- PARTNERS SHPK
Fronti Popullor nr. 5/IV/9
1000 Skupi

LËNDA: Dorëzimi i mendimit

LIDHJA: Nr. juaj:0801-49/3 datë 17.02.2025

Të nderuar,

Në shtojcë të kësaj shkrese, ju dërgojmë Mendimin me numër 11-834/2, i cili i referohet Projektit Urbanistik jashtë përfshirjes së planit urbanistik për infrastrukturën e gazsjellësit Magjistral, Seksioni: Shën Nikollë - Veles, komuna e Shën Nikollës, komuna e Lozovës dhe komuna e Velesit.

Me respekt,

Друштво за инженеринг и консалтинг
ЧАКАР-ПАРТНЕРС ДОО Скопје

Примено: 15.04.2025			
Орг. Един.	Број:	Прилог:	Вредност:

Управа за животна средина
в.д.Директор
Игор Никоски

Изработил/Përpiloi: Благој Ѓоргиев
Контролирал/Kontrolloi: Александар Петковски
Согласен/Dakord: Билјана Петкоска

Министерство за животна средина и просторно планирањена Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Арх.бр. 11-834/ 2

Дата 14-04-2025 год.

Почитувани,

Во врска со Вашето барање на мислење и согласност со архивски број 11-834/1 од 18.02.2025 година, а кое се однесува на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктура за Магистрален гасоводДелница: Свети Николе-Велес општина Свети Николе општина Лозово и општина Велес,Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање, Ве информира дека согласно, Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 89/22 и 171/22), за донесување на планска документација најпрво потребно е да се утврди потребата од спроведување на Стратегиска оцена на влијание врз животната средина која ја спроведува Секторот за просторно планирање во Министерството за животна средина и просторно планирање, на барање на носителот на планската документација.

Arkiv. nr. 11-834/

Data _____ vit.

Të nderuar,

Në lidhje me kërkesën tuaj për mendim dhe pëlqim me numrin e arkivit 11-834/1 datë 18.02.2025, që ka të bëjë me Projektin Urbanistik jashtë përfshirjes së planit urbanistik për infrastrukturë për Gazsjellësin Magjistral, Seksioni: Shën Nikollë-Veles, komuna e Shën Nikollës, komuna e Lozovës dhe komuna e Velesit, Drejtoria e Mjedisit Jetësor pranë Ministrisë së Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor, ju informon se, sipas Ligjit për Mjedisin Jetësor („Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” nr. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 dhe „Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” nr. 89/22 dhe 171/22), për miratimin e dokumentacionit të planifikimit, është e nevojshme të përcaktohet nevoja për realizimin e një Vlerësimi Strategjik të ndikimit në mjedisin jetësor, të cilin e realizon Sektori i Planifikimit Hapësinor në Ministrinë e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor, në kërkesë të mbajtësit të dokumentacionit të planifikimit.

Министерство за животна средина и просторно планирањена Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Пред одобрување на урбанистичкиот план/проект потребно е да се прибави мислење од секторотот за природа и секторот за води при Управата за животна средина.

Para miratimit të projektit urbanistik, është e nevojshme të merret mendimi nga Sektori i Natyrës dhe Sektori i Ujërat pranë Drejtorisë së Mjedisit Jetësor.

Секторот за животна средина при Управата за животна средина Ви укажува дека согласно Законот за животна средина , оценката на влијанието на животната средина се спроведува на определени проекти кои можат да имаат значително влијание врз животната средина.

Sektori i Mjedisit Jetësor pranë Adrejtorisë së Mjedisit Jetësor ju njofton se, sipas Ligjit për Mjedisin Jetësor, vlerësimi i ndikimit në mjedisin jetësor realizohet për projektet e caktuara që mund të kenë ndikim të rëndësishëm në mjedisin jetësor.

